# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 10 год.22** |



**Општина Чучер - Сандево, Октомври 2019 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| Излегува по потреба | Вторник 30 октомври 2019 година | Бр. 10 Год. 22 |
|---|---|---|


# 48.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 октомври 2019** година.

**Бр.09-1208/1** — **Општина Чучер-Сандево**
**29.10.2019 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локланата самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, 96/04,67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА III КВАРТАЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕО ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се усвојува квартален извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2019 до 30.09.2019 година.

2. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2019 до 30.09.2019 година, е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1177/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**29.10.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски**

# 49.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на информативе центар**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 октомври 2019** година.

**Бр.09-1208/2** **Општина Чучер-Сандево**
**29.10.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,), член 59 став 13 од Законот за градење ("Службен весник на Р.М." бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) и член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**

### Член 1
Со оваа одлука инвеститорот Општина Чучер-Сандево се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Информативен центар во с.Мирковци според Општ акт за с.Мирковци со намена В-јавна институција на ул.2 бр.166, КП 2118/2 КО Мирковци.

### Член 2
Надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува 16,841 денари, согласно Пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште Информативен Центар Опшина Чучер-Сандево бр.11-305 од 16.10.2019 година.

**Член 3**

Оваа одлука да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1177/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**29.10.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 50.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ С.САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ “Александар Урдаревски“ с.Сандево за учебната 2019/2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 октомври 2019** година.

**Бр.09-1208/3** **Општина Чучер-Сандево**
**29.10.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), а во врска со член 49 став (8) од Законот за основното образование (“Службен весник на РСМ” бр.161/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” С.САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за работа на ООУ “Александар Урдаревски” с.Сандево за учебната 2019/2020 година, усвоена од Училишниот одбор на ООУ “Александар Урдаревски” Сандево со Одлука бр.02-159/1 од 29.08.2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1177/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**29.10.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 51.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.КУЧЕВИшТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ “Свети Кирил и Методиј“ с.Кучевиште за учебната 2019/2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 октомври 2019** година.

**Бр.09-1208/4** **Општина Чучер-Сандево**
**29.10.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), а во врска со член 49 став (8) од Законот за основното образование (“Службен весник на РСМ” бр.161/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за работа на ООУ “Свети Кирил и Методиј” с.Кучевиште за учебната 2019/2020 година, усвоена од Училишниот одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” с.Кучевиште со Одлука бр.02-14/13 од 29.08.2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1177/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**29.10.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 51.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ С.САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на училишни екскурзии за учениците од ООУ “Александар Урдаревски“ с.Сандево за учебната 2019/2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 октомври 2019** година.

**Бр.09-1208/5** **Општина Чучер-Сандево**
**29.10.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” С.САНДЕВО ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ на Програмата за изведување на уленичките екскурзии за учениците од ООУ “Александар Урдаревски” Сандево во учебната 2019/2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1177/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**29.10.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 52.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на училишни екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ "Свети Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2019/2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **24-та** седница, одржана на **29 oktomvri 2019** година.

**Бр.09-1208/6**
**29.10.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **24-та** седница одржана на **29.10.2019** година, донесе

# З А К Л У Ч О К
**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ на Програмата за изведување на уленичките екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ "Свети Кирил и Методиј" с.Кучевиште во учебната 2019/2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1177/8**
**29.10.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧИЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

стр

**48.** **Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ........ 1**

**49.** **Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на информативе центар ........ 2**

**50.** **Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Александар Урдаревски" с.Сандево за учебната 2019/2020 година ........ 3**

**51.** **Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Свети Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2019/2020 година ........ 4**

**52.** **Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на училишни екскурзии за учениците од ООУ "Александар Урдаревски" с.Сандево за учебната 2019/2020 година ........ 5**

**53.** **Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на училишни екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ "Свети Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2019/2020 година ........ 6**